РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRI I XHAZ MUZIKËS I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 03-189/1
20.03 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 41 од Законот за заштита на лични податоци („Сл.весник на РСМ", бр.42/20), директорот на Националната установа Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија донесе:

***РЕШЕНИЕ***

***За определување на офицер за заштита на лични податоци***

1. За офицер за заштита на личните податоци во Националната установа Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија, го именувам лицето Анастасија Кензо, вработена на работно место, Раководител на Сектор за административни, општи и правни работи.

2. Офицерот за заштита на личните податоци (ОЗЛП), ќе ги врши следните работи:

- го информира и советува контролорот/обработувачот и вработените кои вршат обработка за нивните оврски според одредбите од ЗЗЛП;

- ја следи усогласеноста со ЗЗЛП, со други закони кои се однесуваат на заштита на личните податоци во РСМ, како и со политиките на контролорот/обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;

- ги изработува интерните акти за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност за заштита на обработка на личните податоци;

- Дава совети во однос на процената на влијанието за заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената во согласност со членот 39 од ЗЗЛП;

- соработува со Агенцијата за заштита на личните податоци;

- дејствува како контакт точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи и претходната консултација од членот 40 од ЗЗЛП, како и советување според потребите за сите други прашања;

- и врши и други работи утврдени со закони, со прописите донесени врз основа на законот, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

3. Контакт податоци на Офицерот за заштита на личните податоци: Електронска адреса: pravna@jazzorchestra.mk, Телефонски број: 02/ 3114 511, локал 102.

4. ОЗЛП е должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи, во согласност со закон.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето .

Директор,

Гоце Стевковски